# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**22.12.2021 год.** **Бр.XX.**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 5-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 21.12.2021 год.**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 5-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 21.12.2021 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-1333/1 од 22.12.2021 г. Крушево Градоначалник на Општина Крушево м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 5-та седница, одржана на 21.12.2021 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 3-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 25.11.2021 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).

**Бр.08-1312/3 од 21.12.2021 г. Крушево Совет на Општина Крушево Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 5-та седница, одржана на 21.12.2021 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 4-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 03.12.2021 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).

**Бр.08-1312/4 од 21.12.2021 г. Крушево Совет на Општина Крушево Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 21.12.2021 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на приоритет за имплементација на проектот „Реконструкција и доградба на општински пат – врска со Р1306 - с. Врбоец - с.Св. Митрани, Општина Крушево и Општина Кривогаштани“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува како приоритет имплементацијата на проектот „Реконструкција и доградба на општински пат – врска со Р1306 - с. Врбоец - с.Св. Митрани, Општина Крушево и Општина Кривогаштани“ и тоа:

-Делница од врска со Р1306 до административна граница со општина Крушево, Општина Кривогаштани; место: Кривогаштани вон град, Општина Кривогаштани и

-Делница од административна граница со Општина Кривогаштани до с. Св.Митрани, Општина Крушево; место: КО Врбоец и КО Св.Митрани, Општина Крушево.

**Член 2**

Проектот ќе се реализира со средствата распределени на Општина Крушево во рамките на **Проектот за поврзување на локални патишта** кој се реализира од страна на Министерството за транспорт и врски со финансиска поддршка од Светска банка, согласно Одлуката за алоцирање на средства од договорот за заем за „Проект за поврзување на локални патишта“ („Сл. весник на Р.С.М.“ бр: 3/2020 од 08.01.2020).

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1312/6 од 21.12.2021 г. Крушево Совет на Општина Крушево Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 21.12.2021 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на приоритет за имплементација на проектот „Дел од улица „Коча Миленку“ и дел од улица „Манчу Матак“ во град Крушево (фаза 1) “**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува како приоритет имплементацијата на проектот „ Дел од улица „Коча Миленку“ и дел од улица „Манчу Матак“ во град Крушево (фаза 1) “ во должина од 200 метри.

**Член 2**

Проектот ќе се реализира со средствата распределенинаопштинаКрушево во рамките на **Проектот за поврзување на локални патишта** кој се реализира од страна на Министерството за транспорт и врски со финансиска поддршка од Светска банка, согласно Одлуката за алоцирање на средства од договорот за заем за „Проект за поврзување на локални патишта“ („Сл. весник на Р.С.М.“ бр: 3/2020 од 08.01.2020).

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1312/7 од 21.12.2021 г. Крушево Совет на Општина Крушево Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 114 став 8 и 18 и член 115 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на Р.М.“ бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14;10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16;163/17 21/18; 198/18 и „Сл.весник на Р.С.М.“ бр.104/19;146/19;275/19 и 311/20), член 36 став 1 точка 5 и 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 34 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 21.12.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево**

1.Од член на УО во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево како претставник на Министерството за труд и социјална политика, а по предлог на министерот СЕ РАЗРЕШУВА:

**-МАРЕ МАРКОСКА**, од Крушево заради истек на мандатот.

2. За член на УО во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево како претставник на Министерството за труд и социјална политика, а по предлог на министерот СЕ ИМЕНУВА:

**- ЕЛЕНА ХАСАНОСКА.**

3. Мандатот на член на УО трае 4 (четири) години.

4. Решението влегува во сила со денот на неговото објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

5. Примерок од решението да се достави до именуваниот, ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-1312/8 од 21.12.2021 г. Крушево Совет на Општина Крушево Андреј Николоски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Ре.бр.** **стр.**

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 5-та седница на Совето на Општина Крушево ..... 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 3-та седница на Советот на Општина Крушево ........... 1
3. Заклучок за усвојување на записникот од 4-та седница на Советот на Општина Крушево ......... 1
4. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крушево за 2021 година ..... 2
5. Одлука за утврдување на приоритет за имплементација на проектот „Реконструкција и доградба на општински пат-врска со Р1306-с.Врбоец-с.Свето Митрани, Општина Крушево и Општина Кривогаштани“ ...................................... 2
6. Одлука за утврдување на приоритет за имплементација на проектот „Дел од улица „Коча Миленку“ и дел од улица „Манчу Матак“ во град Крушево (фаза 1)“ .................................................. 2
7. Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево ...................................................................... 3
8. Развојни програми 2022-2024 година ................ 3
9. Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2022 година ...................................................................... 3

Редакциски одбор на Општина Крушево.